# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 2/2020
## 30.01.2020 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за утврдување на предлогот за покренување на референдум за безпредметен**

Се објавува **Одлука за утврдување на предлогот за покренување на референдум за безпредметен,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29. 01.2020 година.

Бр.09-95/1
30.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.гласник на општина Неготино“ бр. 3/06,) Советот на општина Неготино на седницата одржана на 29.01.2020 година, донесе

## ОДЛУКА
## За утврдување на предлогот за покренување на референдум за безпредметен

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува дека Предлогот за покренување на референдум на локално ниво бр. 08-40/1 od 14.01.2020 година поднесено од претседателот на здружението на граѓани ЕКОВИТА Неготино – Сашко Тодоров е безпредметно .

### Член 2

Оваа Одлука се донесува врз основа на Одлуката бр. 08-62/3 од 24.01.2020 година на Совет на општина Неготино за поништување на Одлуката бр. 07-875/16 од 16.10.2009 година и поништување на Одлука бр. 08-245/6 од 20.05.2019 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ Сл.гласник на општина Неготино“.

бр.08-86/3
29.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л**
**Диме Витанов с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Решение за именување на претставници на општина Неготино за членови на Управниот одбор на ЈП Паркинзи Неготино**

Се објавува **Решение за именување на претставници на општина Неготино за членови на Управниот одбор на ЈП Паркинзи Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29. 01.2020 година.

Бр.09-95/2
30.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавни претпријатија („Сл. Весник на Р.М“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18), член 36 член 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М“ бр.5/2002), а во врска со член 79 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Неготино Службен Гласник на Општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14) Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на претставници на Општина Неготино за членови во Управниот Одбор**
**на Јавното претпријатие ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО- Неготино**

**Член 1**

За претставници на Општина Неготино за членови во Управниот Одбор на Јавно претипријатие за јавни паркиралишта ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО - Неготино, СЕ ИМЕНУВААТ:

1. Доне Ѓорѓиев
2. Ристе Нацев
3. Менча Зафирова
4. Димитар Зафиров
5. Јулијана Јуришиќ

**Член 2**

Мандатот на претставниците на Општина Неготино во Управниот Одбор на ЈП ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО - Неготино, трае 4 години.

**Член 3**

Решението да се достави до именуваните и архивата на Општина Неготино.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Неготино“.

бр.08-86/4
29.01.2020 година

Совет на општина Неготино

**Претседател:**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за именување на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење на ЈП Паркинзи Неготино**

Се објавува **Решение за именување на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење на ЈП Паркинзи Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29. 01.2020 година.

Бр.09-95/3
30.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавни претпријатија („Сл. Весник на Р.М“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18), член 36 член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М“ бр.5/2002), а во врска со член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Службен Гласник на Општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови во**
**Надзорниот Одбор за конторла на материјално-финансиско работење**
**на Јавното претпријатие ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО - Неготино**

**Член 1**

За претставници на Општина Неготино за членови во Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавно претипријатие за јавни паркиралишта ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО - Неготино, СЕ ИМЕНУВААТ:

1. Борче Ставров
2. Елена Петрова Тодорчева
3. Александра Балкански
4. Кире Ристов
5. Мики Мирчев

**Член 2**

Мандатот на претставниците на Општина Неготино во Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО - Неготино, трае 4 години.

**Член 3**

Решението да се достави до именуваните и архивата на Општина Неготино.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Неготино“.

бр.08-86/5
29.01.2020 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**
**Претседател:**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Оперативен план за дејствување во зимски услови на јавни претпријатија и установи основани од општината, органите на општината и трговски друштва на територијата на општина Неготино**

Се објавува **Оперативен план за дејствување во зимски услови на јавни претпријатија и установи основани од општината, органите на општината и трговски друштва на територијата на општина Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29. 01.2020 година.

Бр.09-95/4
30.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

# О П Е Р А Т И В Е Н П Л А Н

## ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ НА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И УСТАНОВИ ОСНОВАНИ ОД ОПШТИНАТА, ТРГОВСКИ ДРУШТВА И ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА ПЕРИОДОТ

## 2020-2021Г.

| Ред. Бр. | Носител на активноста | Мерки и задачи за извршување | Рок на извршување | Извршител | Контрола на извршувањето |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Општина Неготино | - изготвува – ажурира оперативен план на мерки и задачи за работа во зимски услови | 15 декември | Општина Неготино | Совет на општина Неготино<br><br>Дирекција за заштита и спасување |
| | | - изработува и доставува задолженија на трговски друштва,јавни претпријатија и установи за извршување на мерките и задачите за работа во зимски услови | Во зимски период | | |
| | | - врши проверка на планираните и преземените мерки и задачи за отстранување на последиците предизвикани од природни непогоди во зимскиот период | 15 декември | Градоначалник<br><br>и општинска администрација | Совет на општина Неготино<br><br>Дирекција за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | - Ги следи и координира активностите и акциите преземени за отстранување на последиците од природните непогоди | По потреба | Градоначалник<br><br>и општинска администрација | заштита и спасување |
| 2. | Градоначалник<br><br>во координација со комисијата за јавни набавки | - во постапка за јавна набавка избира најповолна понуда од економските оператори за зимско одржување на улиците и патиштата во општина Неготино<br><br>- прима и пренесува податоци на настани и појави од природни непогоди до ОШЦЗ, ЦУК. ,ДЗС и други субјекти во општината<br><br>- Пренесува наредби и задолженија до ОШЦЗ, ЦУК и ДЗС до трговските друштва, јавни претпријатија, јавни установи  и други организации | До крајот на месец октомври | Општинска администрација | ОШЦЗ, ЦУК, ДЗС и ПСЕ за заштита и спасување |
| | | | | | |
| 3. | Одделение за, комунални дејности и заштита на животна средина | - изготвување на оперативен план за зимско одржување на патиштата<br><br>- ги координира активностите на избраниот економски оператор за зимско одржување на улиците и патиштата | 15 ноември<br><br>По потреба | Одделение за, комунални дејности и заштита на животна средина | ОШЗС инспектори |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | - подготвување на акти за регулирање на меѓусобните права и обврски со избраниот оператор за зимско одржување,соработка со Македонија пат , градежни друштва за употреба на механизацијата во зимски услови<br><br>- изготвување на оперативен план програма со конкретно дефинирање на обврските, материјалното и фин ансиско обезбедување , реони и правци на дејствување, одговорни лица за извршување на задачи, инспекција и слично | 15 ноември | Одделение за, комунални дејности и заштита на животна средина | Општинска администра<br><br>ција |
| 4. | КООП ИНЖЕНЕРИНГ<br><br>или друг правен субјект кој ке биде избран по пат на јавна набака | - врши проверка на исправноста на механизацијата што може да биде ангажирана во зимски услови<br><br>- обезбедува доволни количини индустриска сол и песок за посипување на улиците и тротоарите | 15 ноември | Управител | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ,<br>Градба промет,<br>ДООЕЛ,<br>АД. Венец Д. Дисан,<br>ЖАК ТРАНС<br>ДОО Д.ДИСАН | - одредува дежурни екипи за интервенции в о состав: раководител, машинист, механичар<br>-врши проверка на исправноста на механизацијата што може да биде ангажирана во отстранување на последиците и за превоз | 15 ноември | Управител | |
| 5. | ЈП. Комуналец | - Изготвува сопствен оперативен план за превентивно и оперативно дејствување<br>- врши проверка на механизацијата и другите материјални средства што може да се ангажира во отстранување на последиците<br>- формира и оспособува оперативни групи за одржување на водоводната и канализациона мрежа<br>- обезбедува Работници и механизација за утовар, транспорт и посипување по јавни површини(на | 15 ноември | -Директор<br>-Раководители | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | улици и тротоари) на индустриска сол и песок | | | |
| 6. | ЕВН Македонија КЕЦ Кавадарци<br><br>АД Телеком<br><br>Кабловски оператори | -Образуваат и оспособуваат оперативни групи за интервенции на теренот заради одржување на електро , телефонската и кабловска мрежа<br><br>- документирање на опремата и резервните делови | 15 ноември | ЕВН Македонија<br><br>АД Македонски телеком | ОШЗС<br><br>ПОЕ |
| 7. | ДПЗ Дуброво<br><br>АД Венец<br><br>Агенција за унапредување на индивидуалното земјоделство | - навремено обезбедување на сточна храна особено во ридско – планинските подрачја<br><br>- Обезбедување на резервни количини сточна храна од страна на сите сточари за најмалку 20 дена<br><br>- навремено отстранување на снегот до складиштата за храна и хранливи продукти како и од објектите – кровните конструкции | По потреба | Трговски друштва | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 8. | Трговски друштва | - благовремено обезбедување на прехранбени и други артикли во продавниците на територијата на општина Неготино, особено во населбите кои можат да бидат отсечени од природна непогода | 15 ноември | Трговски друштва | ОШЗС и инспекција |
| 9. | Здравствен дом Неготино | - Остварува благовремени подготовки за непречено укажување на здравствена заштита и друга медицинска помош на населението во општина Неготино | 15 ноември | | |
| 10. | Ветеринарна станица Неготино | - Остварува благовремени подготовки за непречено укажување на ветеринарна заштита и друга ветеринарна помош на добитокот при неприродни непогоди | 15 ноември | | |
| 11. | Ловечко друштво Вардар | - изготвува оперативен план со превентивни мерки за заштита и спасување на полезниот дивеч во зимски услови во општина Неготино | 15 ноември | | |
| 12. | Локални медиуми и веб | - сите настани, појави и повици благовремено ги пренесува преку јавните информативни средства | По потреба | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | страна на општина Неготино | за запознавање на населението | | | |
| 13. | Општинска организација Црвен Крст | - се грижи за обезбедување на храна, облека,постелнина и друго | 15 ноември | | |
| 14. | Месно населе- -ние од градот и селски насел- би од општина Неготино | -отстранување на последици од природни непогоди во зимски услови | Зимски период | | Дирекција за заштита |
| | | | | | |

бр.08-86/6
29.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата за 2020 година**

Се објавува **Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата за 2020 година** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29. 01.2020 година.

Бр.09-95/5
30.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр.5/02) и член 79, став 1, точка 50 од Статутот на општина Неготино (“Сл. Гласник на Општина Неготино” бр. 3/06,2/11,9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година**

**Член 1**

Советот на општина Неготино дава согласност за аплицирање со предлог Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година и за сопствено учество во истата врз основа на Јавен повик на Министерството за локална самоуправа,Биро за регионален развој ,објавен

во Службен Весник на Република Северна Македонија бр.16 од 22.01.2020 година

**Член 2**

Советот на општина Неготино се согласува дека општина Неготино има обезбедено 50% од потребните средства за ко-финансирање во висина од **375.830,00 денари** кои ќе бидат искористени за реализирање на предлог проектот,,*Набавка и поставување на нова урбана опрема за спорт ,рекреација и заштита на животната средина,набавка и поставување на нови и поправка на постоечки детски реквизити и изведба на патеки во паркова површина во с.Тремник, општина Неготино,,*

**Член 3**

Вредноста на предлог проектот изнесува 751.660,00мкд со ДДВ.Средствата за кофинасирање се обезбедени во буџетот на општина Неготино за 2020 година,Програма за Комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2020 година,Под-Програма ЈН Урбана Опрема –Капитални трошоци

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-86/7

29.01.2020 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29. 01.2020 година.

Бр.09-95/5

30.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 80-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 64/18) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ" бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино, на седницата, одржана на 29.01.2020 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**

**За изменување и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино**

**Член 1**

Во Програмата бр.08-228/4 од 02.05.2018 година за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино се вршат следните измени:

Во точка 2.6 Детски игралишта и спортски реквизити во ст. 2 после алинеја 6 се додава нова алинеја 7 која гласи

- Село Тремник ( Прилог 6.7)

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „ Сл.гласник на општина Неготино“.

бр.08-86/8
29.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л**
**Диме Витанов с.р.**

# СОДРЖИНА
## Службен гласник бр. 2/2020

1. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на предлогот за покренување на референдум за безпредметен
2. Одлука за утврдување на предлогот за покренување на референдум за безпредметен

3. Заклучок за објавување на Решение за именување на претставници на општина Неготино за членови на Управниот одбор на ЈП Паркинзи Неготино

4. Решение за именување на претставници на општина Неготино за членови на Управниот одбор на ЈП Паркинзи Неготино

5.Заклучок за објавување на Решение за именување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП Паркинзи Неготино
6. Решение за именување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП Паркинзи
7. Заклучок за објавување на Оперативен план за дејствување во зимски услови на јавни претпријатија и установи основани од општината, органите на општината и трговски друштва на територијата на општина Неготино
8. Оперативен план за дејствување во зимски услови на јавни претпријатија и установи основани од општината, органите на општината и трговски друштва на територијата на општина Неготино
9. Заклучок за објавување на Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на подрачја со специфични развпојни потреби и за развој на селата за 2020 година

10. Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на подрачја со специфични развпојни потреби и за развој на селата за 2020 година
11. Заклучок за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино
12. Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино